УЖ-2.бр.409/2020

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Владанка Панчурова Сулејманова, претседател на советот, Дијана Димитрова и Фани Илиевска - членови на советот, со записничар Милка Стефановска Трпевска - судски соработник, решавајќи по жалбата на тужителот Јавно претпријатие за државни патишта застапувано од директорот Зоран Китанов од Скопје, изјавена против решението на Управниот суд У-5.бр.187/2020 од 06.02.2020 година, на седницата одржана на 20.11.2020 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата на тужителот Јавно претпријатие за државни патишта застапувано од директорот Зоран Китанов од Скопје, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Решението на Управниот суд У-5.бр.187/2020 од 06.02.2020 година, СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со обжаленото решение У-5.бр.187/2020 од 06.02.2020 година, тужбата на тужителот Јавно претпријатие за државни патишта застапувано од директорот Зоран Китанов од Скопје, против решението Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-867/6 од 25.12.2019 година, ја отфрлил.

Против наведеното решение тужителот изјавил жалба поради суштествени повреди на одредбите на постапката и погрешна примена на материјалното право, со предлог Вишиот управен суд жалбата да ја уважи, оспореното решение на Управниот суд да го укине и предметот го врати на повторно постапување и одлучување пред првостепениот суд .

Вишиот управен суд по проучување на списите по предметот, побиваното решение и по извршената оцена на наводите во жалбата, согласно член 371, а во врска со член 354 од Законот за парнична постапка, најде:

Жалбата е неоснована.

Видно од списите по предметот, тужителот до Управниот суд на ден 23.01.2020 година поднел тужба против решението Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-867/6 од 25.12.2019 година, со кое жалбата на жалителот Бетон АД Скопје изјавена против одлуката за избор на најповолна понуда бр.02-9456/22 од 25.11.2019 година донесена

по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.07419/2019 за набавка на работи - градежно санациски работи на мост на Р1204 над река Пчиња (Доброшане), на договорниот орган Јавно претпријатие за државни патишта, делумно се уважува и се поништува Одлуката за избор на најповолна понуда бр.02-9456/22 од 25.11.2019 година, донесена по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.07419/2019 за набавка на работи - градежно санациски работи на мост на Р1204 над река Пчиња (Доброшане), на договорниот орган Јавно претпријатие за државни патишта и предметот се враќа на повторно постапување и одлучување на договорниот орган.

Управниот суд постапувајќи по тужбата утврдил дека истата е недозволена од причина што тужителот не бил странка во управната постапка, туку бил орган кај ја водел постапката и одлучувал како првостепен орган во постапката согласно одредбите од Законот за јавните набавки.

При ваква состојба Управниот суд оценил дека тужбата е недозволена, поради што повикувајќи се на одредбите од член 3, 8, и 26 од Законот за управните спорови, тужбата ја отфрлил.

Вишиот управен суд одлучувајќи по жалба на тужителот против Решението на Управниот суд У-5.бр.187/2020 од 06.02.2020 година најде дека е законито.

Имено, согласно член 3 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ број 62/06 и 150/10), право да поведе управен спор има физичко или правно лице, ако смета дека со управниот акт му е повредено некое право или непосреден интерес заснован врз закон, додека државен орган, подружница или друга деловна единица на трговско друштво, населба и слично или група лица, иако немаат својство на правно лице, можат да поведат управен спор ако можат да бидат носители на правата и обврските за кои се решавало во управната постапка. Согласно став 3 од истиот член, кога орган на општината и градот Скопје, или на организација решава во прв степен во управна работа од изворна и делегирана надлежност, а по жалбата против таквиот акт решавал надлежен орган определен со закон, управен спор против второстепениот акт може да поведе и општината и градот Скопје, односно организацијата чиј што орган решавал во прв степен, ако смета дека во второстепениот акт е повредено правото на локалната самоуправа, односно правото на управување.

Согласно член 8 став 1 и 2 од истиот Закон, Управен спор може да се води против конечен управен акт донесен во втор степен (конечен управен акт). Управен спор може да се поведе и против првостепен управен акт, кога не е предвидена правна заштита во управна постапка во втор степен.

Согласно член 26 став 1 точка 3 од Законот за управните спорови, судот со решение ќе ја отфрли тужбата ако утврди дека е очигледно дека со управниот акт кој се оспорува со тужбата не се засега во правото на тужителот или во негов непосреден личен интерес заснован врз закон.

Вишиот управен суд најде дека Управниот суд донел правилна и законита одлука кога тужбата на тужителот ја отфрлил од причина што тужителот како договорен орган, односно првостепен орган не може да поведе управен спор против решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки, како второстепен орган, односно како орган кој одлучувал по жалба на Одлука на договорниот орган.

Вишиот управен суд при одлучувањето ги ценеше наводите изнесени во жалбата на тужителот по сите основи, меѓутоа имајќи го предвид погоре наведеното, најде се неосновани и без влијание за поинакво одлучување.

Имајќи го предвид наведеното Вишиот управен суд, согласно член 370 став 1 точка 2 од Законот за парничната постапка во врска член 7-а од Законот за управните спорови, одлучи како во изреката на решението.

Решено во Виш управен суд на ден 20.11.2020 година под УЖ-2.бр.409/2020.

Записничар - судски соработник<br>Милка Стефановска Трпевска с.р.

Претседател на совет - Судија<br>Владанка Панчурова Сулејманова с.р.

Согласноста на преписот со изворникот је потврдува

Судски службеник

/ЛС